# „Кога ќе настапи месецот рамазан – се отвораат вратите на Џенетот, се затвораат вратите на Џехенемот, и се оковуваат шејтаните.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Кога ќе настапи месецот рамазан – се отвораат вратите на Џенетот, се затвораат вратите на Џехенемот, и се оковуваат шејтаните.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека со настапувањето на месецот рамазан се случуваат три работи: 1. Се отвораат вратите на Џенетот и не се затвора ниту една од нив. 2. Се затвораат вратите на Џехенемот и не се отвора ниту една од нив. 3. Шејтаните и најнепокорните од џините се врзуваат во синџири, па не можат да делуваат врз луѓето како што тоа го прават во другите месеци. Сето ова е во чест и како одбележување на овој благословен месец – поттикнувајќи ги верниците да се посветат на покорност преку клањање, давање садака, спомнување на Аллах, читање на Куранот и други добри дела – и да се воздржат од гревови и непослушност.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee